Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ
Бр. 02-3025/1
14.12.2023 год.
КАВАДАРЦИ

*Јавно претпријатие за јавни паркиралишта*

*ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ*

Врз основа на член 23 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, ..., 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19) и член 49 од Статутот на ЈП Паркинг Кавадарци – Кавадарци, Директорот на ден ___.___.2023 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А

## *За работа за 2024 година*





# ВОВЕД

*Јавното претпријатие за изградба, одржување и користење на јавни паркинг простори Паркинг Кавадарци е основано со Одлука на Советот на Општина Кавадарци на 24.04. 2018 и регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија.Првичната идеја за неговото основање беше на системски начин да се реши проблемот со паркирањето на моторни возила во градот Кавадарци со определување и уредување на паркинг места и паркиралишта и да допридонесе за комуналниот ред во градот Кавадарци.Јавното претпријатие за изградба, одржување и користење на јавни паркинг простори "Паркиралишта Кавадарци"- Кавадарци поаѓа од целите и интересите утврдени на ниво на општина како и на Јавното претпријатие засновани на расположливите средства за работа и достигнатитот степен за развој.*

*Со оваа Програма се утврдува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на Јавното претпријатие, видовите на организационите облици, условите за нивно образување и раководење со нив.*

*Со планирањето се поставуваат целите и задачите, се конкретизираат и предвидуваат средствата што претпријатието треба да ги има на располагање и активностите што треба да се превземат за остварување на поставените задачи.*

*Годишната програма за 2024 година е план кој претставува конкретизација на поставените задачи на претпријатието за период од една година.*

*Со овој план се опфаќа вкупната активност на претпријатието за 2024 година, така што се конкретизира извршувањето на определена работа, потрошени средства за извршување на истата и проектирани економски резултати од активностите превземени со годишниот план.*

*Кавадарци,како и многу градови во Република Македонија, веќе со години го каректеризира преоптереност на сообраќајот и константен недостиг на паркинг простори.*

*За решавање на овој проблем, исто како и во изминатиов период посебно внимание ќе се посвети на корисниците на услугите, со посебен осврт на жителите и вработените во централното градско подрачје, кои секојдневно се соочуваат со проблемот на паркирање и непрописно паркирани возила.*

*Програмата за работа за 2024 година поаѓа од целите и интересите утврдени на ниво на претпријатието за постигнување на подобри резултати во работењето засновани на расположливите средства за работа и достигнатиот степен на развој на Јавното Претпријатие "Паркинг Кавадарци" - Кавадарци.*

**Основни појдовни елементи врз кои се заснова изготвување на програмата за 2024 та година се:**

- дефинирање на планираниот физички обем на работа;
- дефинирање на приходите од работењето;
- дефинирање на расходите и инвестициите кои ќе се направат при работењето.

**Надлежностите на Претпријатието се утврдени со:**

- Закон за Јавни претпријатија
- Закон за Комунална дејност
- Закон за Локална самоуправа
- Закон за Безбедност во сообраќајот
- Одлука за одржување на јавниот простор за паркирање и начинот на неговото користење на град Кавадарци
- Одлука за јавните паркиралишта од значење на Општина Кавадарци
- Одлука за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци
- Статутот на Претпријатието како и групирање на работите и задачите според видот, обемот, сложеноста, нивната меѓусебна сродност и поврзаност.

## 1. Организациона поставеност на Претпријатието

Претпријатието е организирано во следниве одделенија:

- Одделение за општи, правни работи и човечки ресурси
- Одделение за финансиски работи
- Одделение за јавни паркиралишта
- Одделение пајак служба
- Одделение за јавно осветлување

Структура со број на вработени и работни места по одделенија ќе биде следна:

| Работно место/позиција | Број на извршители |
|---|---|
| **Директор** | **1** |
| **Одделение за општи, правни работи и човечки ресурси** | **7** |
| РАКОВОДИТЕЛ на Одделение за општи,прави работи и човечки ресурси | / |
| Советник за општи работи и управување со човечки ресурси | 1 |
| Соработник- инженер за компјутер, информатика и развој | 1 |
| Помлад соработник за општи и заеднички работи | 3 |
| Самостоен референт-Архивар | 1 |
| Хигиеничар | 1 |
| **Одделение за финансиски работи** | **3** |

| | |
|---|---|
| РАКОВОДИТЕЛ на Одделение за финансиски раб. | **1** |
| Соработник за финасии (финансиско работење) | 1 |
| Помлад соработник за финансии | 1 |

| | |
|---|---|
| **Одделение За јавни паркиралишта** | **21** |
| РАКОВОДИТЕЛ на Одделение за јавни паркиралишта | 1 |
| Координатор и контрола на контролори и поставувачи на блокатори | 2 |
| Работоводител-шеф на смена | 2 |
| Контролор на паркирање | 11 |
| Контролор на рампа | 2 |
| Ракувач на градежна машина | 1 |
| Работник за обележување и одржување на сообраќајната сигнализација | 2 |

| | |
|---|---|
| **Одделение за Пајак служба** | **10** |
| РАКОВОДИТЕЛ на Одделение за пајак служба | 1 |
| Поставувач на Блокатор | 4 |
| Возач на возило-Пајак | 4 |
| Работник-асистент на специјално возило пајак | 1 |

| | |
|---|---|
| **Одделение за јавно осветлување** | **2** |
| РАКОВОДИТЕЛ на Одделение за јавно осветлување | / |
| Контролор на потрошувачка на електрична енергија | 1 |
| Одржувач на јавно осветлување (електричар) | 1 |
| | |
| **В К У П Н О ВРАБОТЕНИ** | **43** |

2. **Листа на недвижен имот:**

ЈП "ПАРКИНГ Кавадарци" – Кавадарци во моментот стопанисува простор на Северен Булевар со површина од 6000 м2 на која локација под закуп на корисниците им се издава простор за паркирање на својата механизација,трактори,помошни приколки, средства за превоз на земјоделските производи како и депо за отстранетите возила непрописно паркирани, и запленети возила од надлежни институции.
*Дејноста-администраивниот дел* се извршува во сопствени простории, дадени на трајно користење од страна на Општина Кавадарци над градската Библиотека, како седиште, и во овие простории работи делот од администрацијата која ќе биде задолжена за тековното административно работење за успешно остварување на зададените цели.
Во иднина како план е да се вршат дополнителни проширувања на паркинг зони во делот на колективните станбени згради каде што се јавува проблем со паркирање на станарите, за кое нешто се вршат анкети, разговори и состаноци со претставници на куќните совети, согледување на нивните проблеми и нивно решавање во координација со Оддел. за урбанизам и сообраќај при ЛС Кавадарци.
Со Одлука на Совет бр.08-4373/4 од 14.07.2022 год. дадено е право на трајно користење недвижна ствар Паркинг простор на две нивоа во Грасдски пазар, по Ил.19400, КП. 12689/5 од вкупно 4035 м2.

**3.Механизација со кој располага Претпријатието**

Претпријатието во моментот располага со возило Пајак со кое се врши отстранување на неправилно паркираните и запрени возила по улиците, тротоарите и други јавни површини во градот Кавадарци, исклучиво по налог на Овластено лице полицаец/комунален инспектор, едно пикап-возило за обавување на работата на блокаторите и други тековни работи, се располага и со едно комбе за потребите на извршувањето на одбележување на хоризонталната сигнализација, два мопеди-скутери, како и специјално возило IVECO - со корпа за подигање, одржување и сервисирање на уличното осветлување.
Претпријатието има набавено со одлука 30 мали и 5 големи блокатори за извршување на дејноста.

**4. План за работа по одделенија во јавното претпријатие "Паркинг Кавадарци" за 2024 година**

4.1. <u>Одделението за јавни паркиралишта ќе ги врши работите поврзани со</u>:

- организирање на паркирањето на јавните паркинг простори
- одржување на јавните паркинг простори
- надзор на наплата за паркирање на јавните паркиралишта
- бележење и фарбање на целокупната хоризонтална сигнализација во Општината
- одржување на уличното осветлување во Општината

Во вршењето на основната дејност претпријатието ќе настојува да го организира паркирањето односно сообраќајот во мирување, согласно условите и потребите на граѓаните, притоа имајки го во предвид фактот дека во централното градско подрачје потребно е да се обезбеди побрз проток на сообраќајот по клучните сообраќајници.

Почетно а согласно проектот на 24 ИНГ Дооел Битола, ЈП ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ располагаше со вкупно 1000 паркинг места поделени во три зони и тоа:

- А зона со 4 подзони и вкупно 108 паркинг места,

- В зона со 13 подзони со вкупно 507 паркинг места и
- С зона со 9 подзони и вкупно 385 места.

3% од вкупниот број на места е резервиран за лица со инвалидитет кои се ослободени од плаќање.

Од вкупниот број на паркинг места, предвидено беше дека околу 46% или 460 паркинг места ќе се користат од страна на станари на колективни или индивидуални станбени згради кои немаат паркинг места, гаражи или слободен пристап до дворните површини и тоа со повластени услови за годишна дозвола за паркирање. Истовремено, со Одлука на советот на Општина Кавадарци текот на 2020 год. се изврши проширување и организирање на Зонско паркирање во паркинг Зона-Ц и тоа со дополнителни паркинг места на просториите помеѓу зградите кои граничат со Бул Вељко Влаховиќ, Бул Цветан Димов, Бул. Македонија и Бул. Никола Минчев, а исто така се пушти во употреба и новиот Паркинг-Анот, и се зголемија капацитетите за паркирање во Зона-Ц и во Зона-Б, што ќе допринесе за решавање на проблемот со паркинг места за станарите од овој дел на градот, како и проблемот со паркирање на комбињата и другите возила на пазарџиите во пазарните денови.

Во изминатиот период беа направени презонирања на одредени зони од зона Б во зона А, а исто така и проширување и дополнување на паркинг зоните со отворање на нови комерцијални паркинг зони, резидентни паркиралишта, хуманитарен и еколошки паркинг.

Со сите проширувања на капацитетот и извршениот попис на сите паркинг места заклучно со 2023 година вкупниот број на паркинг места е 1.713.

4.2 <u>Одделението пајак ќе ги врши следниве работи:</u>

-отстранување на погрешно паркирани возила кои претставуваат пречка во нормално одвивање на сообраќајот;
-обезбедување повеќе слободни паркинг места на постојните јавни паркиралишта и јавни површини наменети за паркирање;
-превентивно делување на учесниците во сообраќајот, особено на несовесните возачи кои погрешно и непрописно ги паркираат своите возила и
-отстранување на моторни возила паркирани на површини наменети за движење на пешаци, со што ќе се зголеми безбедноста во сообраќајот на оваа најранлива категорија учесници во истиот
- отстранување и пренос на возила кои не го регулирале своето паркирање во согласност со правилата за зонско паркирање
- прием на возила отстранети по налог на полицијата и инспекцијата во депото за отстранети возила
- сместување на возилата во депото за остранети возила, издавање на возилата на корисниците, наплата на услугите
- поставување на блокатори на возила за кои нема услови да бидат подигнати од Пајак возилото

За успешно работење на ова одделение, покрај средување и организацијата на паркирањето преку зонското паркирање, во некои сегменти ќе биде неопходна и соработка со сообраќајната полиција од Полициска станица Кавадарци и комуналните инспектори на општина Кавадарци.

Мора да се напомене дека Оддел. за Пајак и Депото, заради карактерот на својата дејност и потребата од постоење на истото, <u>има високи фиксни трошоци на кои не може да се влијае,</u> а ниски приходи (кои не зависат од нас), <u>па ќе генерира и понатаму загуба од работењето која се пондерира во вкупниот резулатат, но секако со свое влијание на крајните финансиски резултати, заради што и понатаму ќе треба дотирање т.е. кофинансирање од страна на Основачот ЛС Кавадарци, согласно финансискиот план за 2024 година.</u>

4.3 <u>Одделението за правни работи и човечки ресурси ги врши работите:</u>

Со кои се обезбедува спроведување на регулаторна, координативно стручна и нормативно- правна функција во насока на моделирање и зајакнување на системот за зонско и транспарентно

реализирање на надлежностите на претпријатието, кадровско екипирање, професионално оспособување и стручно оспособување на вработените во претпријатието со цел градење на стручен и ефикасен кадровски ресурс и спроведување на работите од општ и заеднички интерес на претпријатието.Дополнително се вршат и работи кои се во функција на организација и контрола на финансиското работење.

4.4 Одделението за финансиски работи ги врши работите:

Сметководствена и финансиска евиденција на деловните настани на дневна основа, согласно Законските регулативи за работење на Јавните претпријатија и Трговските друштва и меѓународните сметководствени стандарди, фактурирање, наплата, кредитна контрола на клиентите- побарувањата и обврските, даночна евиденција, изготвување на дневни, месечни, квартални и годишни извештаи, пратење на дневна основа преку дневни извештаи за реализацијата од зонско паркирање и останатите услуги од портфолиото, искористеност на капацитетите по зони и подзони, како и планирање и финансиски проекции со нивно месечно ажурирање, со цел навремено согледување на постигнатите резултати и цели и правовремено реагирање со корективни мерки во тековното работење.

За 2024 година предидено е да се изврши и активирање на надградба на системот за Зонско паркирање, со дополнителни можности и функционалности-користење припејд наплата преку виртуелен паричник, креирање кориснички профили, мобилна апликација за неселение, за контролори, Пивот табели за анализи и други дополнителни алатки за поголема функционалност и ефикасност во работењето.

**5. CaPex- План за Капитални расходи односно - инвестиции за 2024 година**

| | |
|---|---|
| Компјутерски конфигурации | 80.000 ден. |
| Набавака на канцелариски мебел и столарија | 80.000 ден. |
| Метална конструкција - настрешница на контејнерот во депо | 100.000 ден. |

**ВКУПНО планирани КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ 260.000 ден.**

**6. OpEx- план за оперативни трошоци за 2024 година**

- планот за оперативни трошоци е вклучен подолу во Финансискиот план за работа за 2024 година и е во согласност со Планот за јавни набавки за 2024 год. т.е. во Расходниот дел од Билансот.

5. **Финансиски план за 2024 год за работа на Јавното претпријатие “Паркинг Кавадарци” - Кавадарци**

**Вкупните приходи** кои се планираат за 2024 година **се 54.984.589,00 мкд.** и истите се добиени врз основа на направена анализа и трендовите кои ги имавме во изминатата година, и предидувањата за следната година. Исто така е земен во предвид вкупните капацитети, расположивите места по категории на корисници, очекувана искористеност, портфолиото на услуги, дополнителни дејности кои би ги имале за следната година и делумни дотации и субвенционирање од страна на основачот ЛС Каваадрци

Во расходниот дел планирани се **вкупно расходи од 53.305.823,00 мкд**. и се добиени врз основа на анализа на трошоци во изминатиот период како и планирањата и очекувањата за следната година, исто така е земен во предвид вкупните капацитети, расположивите места по категории на корисници, очекувана искористеност,одбележување и одржување на паркинг просторот, користење на услугите на операторот и нивниот дел (како расход).

Со остварување на сите постулати кои се подолу наведени и планирани како основа за Планот за 2024 година - во Табелата за Приходи и Расходи и во Објаснувањата на сите планирани приходни и расходни позиции, ЈП ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ во деловната 2024 година ке покаже **позитивен финансиски резултат – ДОБИВКА во износ од 1.678.767,00**

Во продолжение е дадена и табелата за Ф И Н А Н С И С К И О Т П Л А Н за 2024 година т.е. План за ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ И ОДЛИВИ ЗА 2024 по аналитички позиции, која покажува движењето на паричните приливи и одливи (CASH-FLOW PLAN), кои се очекуваат спред предвидениот ПЛАН за ПРИХОДИ И РАСХОДИ односно Биланс на Успех.

# ПЛАН ЗА ПРИХОДИ И РАСХОДИ - ЗА 2024

| PRIHODI ostvareni od: | Годишно vo Den. | Годишно vo Eur. | | Objasnuvaње na poziciite |
|---|---|---|---|---|
| Parking uslugi Zona - A (Neto prihod) | 5.457.375 | 88.738 | | (19.688 sms x 23,1 den. x 12 mes.) - 45% |
| Parking uslugi Zona - B (Neto prihod) | 2.021.250 | 32.866 | | (10.938 sms x 15,4 x 12 mes.) - 25% |
| Parking uslugi Zona - C (Neto prihod) | 1.212.750 | 19.720 | | (13.125 sms x 7,7 den. x 12 mes.) - 35% |
| Prihodi od Operatori.-Neto -7404 | **8.691.375** | 141.323 | 15,8% | **План на база на 1750 СМС пораки просечно/ дневно** |
| Prihodi od провизија од SMS poraki -7404 | 1.350.000 | 21.951 | 2,5% | br. SMS vo(A-19125+B-10625+C-12750) x 12 mes. x 2,5 den. |
| Приходи од Билети од Дистрибутери-7409 | 997.920 | 16.226 | 1,8% | (A-2500*23,1+B-1500*15,4+C-300*7,7) x 12mes. |
| Приходи од Станари-повластени карти-7407 | 1.250.000 | 20.325 | 2,3% | (1250 stanarski dozvoli x 1000 den.godišno/prosečno) |
| Приходи од год. Резервирани места-7406 | 125.000 | 2.033 | 0,2% | 5 rezervacii od pravni lica |
| Приходи од месечни карти-7408 | 2.768.400 | 45.015 | 5,0% | (300 mesečni pretplati x 770 den) x 12 mes. |
| Приходи од карти Вработени-7403 | 747.360 | 12.152 | 1,4% | Vrabot. vo Pravни lica (180 x 346 x 12 mes.) |
| Приходи од Пајак служба-Основни-74021 | 1.350.000 | 21.951 | 2,5% | (3 voz.x 1500 den.(просек)x 25dena x 12 mes.) |
| Приходи од Блокатори-7402 | 1.906.762 | 31.004 | 3,5% | (7,5 blok.x 847,45 mkd x 25 dena x 12 mes.) |
| Приход од гаражни места-Депо-7401 | 940.678 | 15.296 | 1,7% | 185 mesta * 5085 den |
| Останати приходи од услуги-7405 дел..769 | 90.000 | 1.463 | 0,2% | dnevni karti, avtoasistencii, vikend-karti. надомест за МТ |
| Приходи од ФАРБАЊЕ-7405 дел. | 4.237.288 | 68.699 | 7,7% | Beleжење ulici i parkinzi- vkupno 5.000.000 so DDV |
| Приходи од УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ-7690 | 11.065.085 | 179.920 | 20,1% | за префактурирање Улично осветлување на ЛС Каваадрци |
| Приходи од Одржување на Улично освет.-7691 | 2.118.644 | 34.449 | 3,9% | Од одржување на Улично осветлување -2.500.000 so ДДВ |
| Приход од надвор населено место на г. Кавадарци | **123.077** | 2.001 | 0,2% | (200 корисници x615,38ден) |
| Приходи од дотации-по усвоената програма | **15.000.000** | 243.902 | **27,3%** | дотации од ЛС Кавадарци-со програмата за 2024 |
| Приходи od Dopolnitelni dotacii -со ИЗМЕНА | 0 | 0 | 0,0% | |
| **Приходи од ПВР од амортиз.-7672** | **2.223.000** | 36.146 | 4,0% | приходи од амортизација по МСС од дадени објекти и опрема |
| **VKUPNO PRIHODI** | **54.984.589** | 834.056 | 100% | |

| **RASHODI** | **Годишни** | **vo Eur.** | | **Objasnuvaње na poziciite** |
|---|---|---|---|---|
| Osnovi mater.-gorivo za pajak+pikap+машина фарб. | 650.000 | 10.569 | 1,2% | 50 km/den = 20 lit x 25 dena/мес.x 12 |
| Tekovno odrжuv, rez.delovi и mater. | 1.000.000 | 16.260 | 1,9% | ulje,filtri,antifriz, rez.delovi,odrжuvaње... |
| Trosoci za struja,voda.za depo | 120.000 | 1.951 | 0,2% | Komunalec mes. Cca 9700 den. Meseчno |
| Obeleжuvaња na parkinzi-боја, м-јали | 1.900.000 | 30.894 | 3,6% | обележување и одржување на паркинзи и улици |
| **Direktni / Varijabilni troшoci:** | **3.670.000** | 59.675 | 6,9% | |
| **Plati, pridonesi, nadomestici** | **27.580.000** | 448.455 | **51,7%** | 43 vrab.=2.298.333 bruto plata x 12mes |
| Nadomestoci za UO i NO | 853.000 | 13.870 | 1,6% | nadomestoci so pers. danok za UO i NO |
| Troшoci za priv.vrab, ostan.tro{.za varboteni | 2.410.000 | 39.187 | 4,5% | lica so privrem.vrab, остан.трош.за враб.,к-15(1150000) |
| Amortizacija | 3.200.000 | 52.033 | 6,0% | Amortizacija |
| PTT, Internet, mob. | 496.000 | 8.065 | 0,9% | mobil A1,Internet, Fiksna telef. |
| Struja, voda, | 484.000 | 7.870 | 0,9% | EVN,Komunalec mes. Cca 12000 den. |
| Трошоци за струја- Улично осветлување | 11.065.085 | 179.920 | 20,8% | за префактурирање Улично осветлување на ЛС Каваадрци |
| Osiguruvaње, polisi,registracii | 100.000 | 1.626 | 0,2% | регистрација на возила |
| Kancel.materij.fiskalni lenti,karti, .. | 200.000 | 3.252 | 0,4% | kancelariski mater.,riboni,fiskalni lenti, hartija, |
| Sirten inventar, tabli, znaci | 60.000 | 976 | 0,1% | siten invebtar, tabli informativni, znaci, nalepnici |
| Troшoci za HTZ za vrabot.,maski.. | 450.000 | 7.317 | 0,8% | maici, obuvki, eleci, kapi i dr. HTZ |
| Patni, denvni troшoci, patarini,dnevnici | 30.000 | 488 | 0,1% | patni smetki, dnevnici, patarini |
| Reklama, reprezentacija,donacii | 265.000 | 4.309 | 0,5% | донации од Зона АХ и Зона ЦЕ |
| Bank.provizii, platen promet,камати | 190.000 | 3.089 | 0,4% | bankarski troшoci и provizii vo platen promet |
| Ostanati materijalni i dr. Troшoci, елаборати,.. | 1.186.000 | 19.285 | 2,2% | одржување софтвер и останати трош. |
| Nadomest za Operatorot za SMS | 869.138 | 14.132 | 1,6% | 10% od prihodot naplaten od SMS za softverski uslugi |
| Obezbeduvaње na Depo | 0 | 0 | 0,0% | |
| Nemater.troш.-oglasi,taksi,..provizii,pers.dan. | 164.600 | 2.676 | 0,3% | Nemater.troш.-oglasi,taksi,proviz.distribyт. на грепки |
| Kamati na krediti | 33.000 | 537 | 0,1% | |
| **Vkupno indirektni / fiksni troшoci:** | **49.635.823** | 807.087 | 93,1% | |
| **VKUPNI RASHODI** | ***53.305.823*** | *866.761* | 100% | **BREAK-EVEN POINT = cca. 600.000 Eur** |
| **Нето / добивка за 2024** | ***1.678.767*** | *27.297* | | |

- ***ПРИХОДЕН ДЕЛ - ОБЈАСНУВАЊЕ ЗА ПРИХОДИТЕ- 2024***

Во погоре дадената- табела на Планот за ПРИХОДИ и РАСХОДИ, се прикажани детални приходни и расходни ставки и позиции на ***месечно и годишно*** ниво:

Приходите од Зонското паркирање се базирани на планирани 1.750 смс паркинг/часови просечно дневно односно на цца. 43.750 Паркинг/часови на месечно, за 25 работни дена.
Во прегледот на табелата Зона А,Б,Ц (вкупно 1.760 паркинг места) се дадени следните планирани приходи со тоа што во предвид е земена и веќе постоечката искористеност на повластените паркирања од станари, така да приходот од:
**ЗОНА А** е во износ од 5.457.375 денари Приход (Без ДДВ и Комунална такса), а добиен на основа на сегашниот тренд кој покажува дека 45% од вкупниот број на СМС паркирања се од Зона-А, а просечната искористеност на едно паркинг место во Зона-А изнесува од 4-5 часа просечно дневно, од 50% паркинг места наменети за комерцијално паркирање (бидејќи 50% се според Одлуката паркинг места наменети за повластени паркирања од станари), односно од 2-2,5 часа дневна искористеност на 1 место, но во однос на вкупниот број на паркинг места во Зоната. Во проценти, дневната икористеност на капацитетот на Зона-А изнесува 32%, т.е. 16% во однос на вкупниот број паркинг места од зоната.

**ЗОНА Б** е во износ од 2.021.250 денари Приход (Без ДДВ и Комунална такса), а добиена на основа на сегашниот тренд кој покажува дека 25% од вкупниот број на СМС паркирања се од Зона-Б, а просечната искористеност на едно паркинг место во Зона-Б изнесува од 1,5-2,1 часа просечно дневно, од 50% паркинг места наменети за комерцијално паркирање (50% се според Одлуката паркинг места наменети за повластени паркирања од станари), односно од 0,7-1,1 часови дневна искористеност на 1 место, но во однос на вкупниот број на паркинг места во Зоната. Во проценти, дневната икористеност на капацитетот на Зона-Б изнесува 16%, т.е. 8% во однос на вкупниот број паркинг места од зоната.

**ЗОНА Ц** е во износ од 1.212.750 денари Приход (Без ДДВ и Комунална такса), а добиена на основа на сегашниот тренд кој покажува дека 35% од вкупниот број на СМС паркирања се од Зона-Ц, а просечната искористеност на едно паркинг место во Зона-Ц изнесува од 0,6-0,8 часа просечно дневно, од 50% паркинг места наменети за комерцијално паркирање (50% се според Одлуката паркинг места наменети за повластени паркирања од станари), односно од 0,3-0,4 часови дневна искористеност на 1 место, но во однос на вкупниот број на паркинг места во Зоната. Во проценти, дневната икористеност на капацитетот на Зона-Ц изнесува 6%, т.е. 3% во однос на вкупниот број паркинг места од зоната.

Просечната искористеност за сите Зони е од 1,6 – 1,8 часови дневно од комерцијалните 50% паркинг места, односно 0,8 до 1 час во однос на вкупниот број од 1713 паркинг места.
Во проценти, дневната икористеност на капацитетот на сите Зони изнесува 12%, т.е. 6% во однос на вкупниот број паркинг места од зоната.

Во делот на станарските дозволи планирани се 46% или 788 места по цена од 763 мкд (приход) на годишно ниво т.е. цена од 900 ден. годишно со вклучена комунална такса и ДДВ, но согласно потребите на граѓаните-станари планирано е, и се издадаваат по цца. 1200-1250 повластени станарски дозволи, што генерира годишен приход од цца. 1.250.000 денари
За делот на правни лица се планирани 5 резервации годишно по 30.000-45.000 мкд., планирани се 300 месечни претплати/со годишен обврзувачки договор по цена од 1.000 мкд. Месечно, како и 180 претплати месечно од Вработени лица во правни субјекти по цена од 450 мкд.
Во пајак службата е испланирано и на основа на досегашната пракса од изминатите месеци, а со поажурна соработка со Комуналниот инспектор т.е. одговорните лица од Мој Општинар, како и со подобра и по координирана соработка и асистенција од Полицијата да се постигне просечно по

минимум 3 подигнати возила дневно по цена од 1.500 мкд (1.500 ден. со. Моменталниот просек е помеѓу 0,8 до 1,5 просечно дневно подигнати возила, што дава за право со подобра координираност и секојдневна асистенција на полицијата во 2-те смени, како и со сообраќајните инспектори, да се постигне и подобар просек од планираните 3 возила/ден.
Во делот на поставување на блокатори за непрописно паркирање , се земени во предвид 7,5 блокатора просечно/дневно по цена од 847 денари (1000 ден. со ДДВ). Моменталниот просек на блокирани возила дневно се движи помеѓу во овој просек на блокатори, но со поголема ажурност и мобилност, како и со прераспоредување на блокаторите и контролорите, се планира да се постигне и поголем просек од минимум планиран, на дневна основа, базирано на 25 работни дена во месецот.
Во делот на Градското Депо се испланирани 185 места по цена од 5.085 мкд. (6000 со ДДВ).
Дополнителни приходи во износ од 4.237.288 ден. (во бруто износ од 5.000.000 ден), се планираат од обавување на услугата за бележење и фарбање на улиците, со хоризонтална сигнализација и паркиралиштата како во градот, така и на територијата на целата општина Кавадарци.
Планираната подршка од ЛС Општина Кавадарци како дотација или кофинансирање во износ од 15.000.000 денари, за делот од трошоците кои се прават во делот на Пајак службата и депо, и изгубени приходи како резултат на повластените цени за паркирање за станарите на Општина Кавадарци, како и од ниските цени на зонското паркирање, а од кои дадени дотации од ЛС Општина Каваадрци од кои дотации цирка 2.000.000 денари пак би се вратиле во Општината со плаќање на комуналната такса.
Планирани се и приходи од одржување на Уличното осветлување, како дополнителна дејност, во износ од 2.118.664 денари. или 3,9% учество во структурата на приходи.
Приходите од ПВР (од амортизација) ќе изнесува 2.223.000 ден. или 4,0% учество во приходите.
Треба да се напомене и дека во делот на приходите и во делот на расходите ќе се појави и ставката Приходи од улично осветлување и Расходи за улично осветлување во износ од 11.065.085 денари, но тоа нема да има финансиски импликации врз вкупните финансиски резултати, односно нулти финансиски ефект, освен што ќе ја промени структурата во % на останатите приходи / расходи.

- ***<u>РАСХОДЕН ДЕЛ - ОБЈАСНУВАЊЕ ЗА РАСХОДИТЕ - 2024</u>***

Во расходниот ден планирани се вкупно расходи од 53.305.823 мкд се добиени и врз основа на анализа на трошоци во изминатиот период како и планирањата и очекувањата за следната година, исто така е земен во предвид вкупните капацитети, расположивите места по категории на корисници, очекувана искористеност,одбележување и одржување на паркинг просторот,користење на услугите на операторот и нивниот дел (како расход).
Во прилог е табела со Расходите:

Во расходниот дел најголема годишна ставка се Бруто платите кои на годишно ниво за сите вработени изнесува 27.580.000 денари, или 2.298.333 ден. бруто месечно а во вкупната сртуктура на трошоците учествуваат со 51,7%.
Втора по големина ставка во расходниот дел се диеркните/варијабилните трошоци и тоа (вода, струја, гориво, боја за фарбање и други материјали) во износ од 3.670.000 денари или 6,9% во структурата на трошоците
Останати трошоци за вработени (регрес за ГО, времени вработувања,..) ќе изнесуваат 2.410.000 денари или 4,5% во структурата на расходите.
Една од најголемите ставка во расходниот дел е за енергија за улично осветлување во износ од 11.065.085 денари или 20,8%, но како што рековме, овој износ се јавуава и во приходниот дел, со што нема влијание на финансискиот резултат.
Останати материјални трошоци (за софтвер, елаборати,..) 1.189.000 ден. или 2,2% во структурата.
Во делот за тршоци за УО и НО, се вклучени вкупните предвидени трошоци за 10 члена (5 УО и 5 НО) во износ од 853.000 денари (со вклучен персонален данок) или 1,6% учество.

Надоместокот за Операторот за СМС изнесува 869.138 мкд од приходот наплатен од СМС услугата, или 10 % од приходот (без ДДВ), што е 1,6% учество во трошоците.
Амортизацијата (како не паричен трошок), ќе изнесува 3.200.000 ден, или во структурата на трошоци изнесува 6,0%
Останатите ставки од расходната страна се со помало учестви и се вклучени детално во табелата за Расходи.

***6. Заврнни одредби***

***Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се примени со добивање на согласност од страна на Советот на Општина Кавадарци.***

***Директор***

Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
ПАРКИНГ
КАВАДАРЦИ
Кавадарци

Таско Атанасов